ИИ607

НОВА МАКЕДОНИЈА, 18И20,





Веле Ташовски: Илузионистички простор, комб. техника, 1993

*ВО ГАЛЕРИЈАТА НА СКЦ ВО БЕЛГРАД*

# Слики од Веле Ташовски

**● Главниот предизвик и идеја во новите слики е „просторот“ како вечен ликовен и животен проблем – вели академскиот сликар Ташовски, професор на ФЛУ во Скопје**

Во Галеријата на Студентскиот културен центар во Белград, СРЈ, академскиот сликар Веле Ташовски (професор на ФЛУ) ја одржува својата десетта самостојна изложба. Пред белградската ликовна публика тој се претстави со 21 слика од кои еден дел се постари, од периодот 1992-93 година од циклусот „Илузионистички простор“, а најновите дела носат заедничко име „Слика-простор“.

Еве што ни изјави вчера Веле Ташовски пред да замине во Белград на отворањето на изложбата што се случи синоќа:

– Главниот предизвик и главната идеја во новите дела е „просторот“ како вечен ликовен и животен проблем. Додека мрежата (во разни варијации) долго време беше главниот ликовен елемент низ кој гледав во просторот, во најновите слики таа се појавува повеќе како нешто што создава ред помеѓу формите што се недефинирани и слободно лебдат во просторот. Редот е нешто што го носам во себе, а тоа се рефлектира и во моето сликарство и покрај хаотичноста на времето во кое живееме. Кога веќе ги споменав формите коишто слободно се движат во имагинарниот простор, несакајќи почнуваат да наликуваат на нешто видено, поточно доживеано од природата, а со тоа асоцијацијата е неизбежна. Зарем не сме барем мал дел од нејзе, од природата?

На прашањето за палетата што ја практикува и за тоа дали има измени во новите дела на тоа поле, Ташовски вели дека таа е сѐ уште скромна и е подредена на главната идеја: со помалку да се каже повеќе. – Сликите што ќе бидат изложени во Белград – рече тој на крајот, се изработени во акрилик техника, во комбинација со свила. Всушност тоа се синтетички материјали, многу прозрачни, со чуден сјај, преку кои уште повеќе се добива чувство на сферичност, потенцирајќи го илузионизмот. Геометризмот, кој беше доминантен и многу изразен во постарите слики, сега станува помалку важен.

Изложбата на Ташовски во Белград ќе трае две седмици.

С.Ѓ.